Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 31.03.2021

На 30.03.2021, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Битола извршиле претрес во домот и помошните простории кај С.Н.(66) и Г.Н.(45) на ул.„Васко Карангелевски" во Битола. При претресот биле пронајдени и одземени повеќе шишиња со метадон и прашката материја. Тие биле приведени во Полициската станица Битола и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.03.2021 околу 20.30 часот на ул.„Браќа Миладинови" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Л.М.(20) од Тетово, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.03.2021 во 17.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Аеродром го лишиле од слобода В.К.(29) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.03.2021 во 21.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Парк-шума Гази Баба го лишиле од слобода Д.М.(32) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на 30.03.2021, СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 88 мерки, меѓу кои 69 за управување возила со бројна поголема од дозволената, 7 за управување возило без возачка дозвола, 4 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 6 за непрописно паркирање и 1 за непрописно престигнување.

На 30.03.2021 во 17.45 часот во СВР Штип, од Казнено-поправната установа Затвор Штип, било пријавено дека околу 17.15 часот, при вршење преглед на осуденото лице П.Т.(41) од Св.Николе, биле пронајдени две паковки со прашката материја. Од страна на полициски службеници прашкастата материја била одземена и предадена за вештачење. По комплетирање на случајот против П.Т. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 30.03.2021 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола над возила кои вршат јавен превоз на патници. Притоа, 27 возила биле упатени на вонреден технички преглед, а кај 6 возила биле констатирани прекршоци. При контролата биле констатирани и 59 останати прекршоци кои биле соодветно санкционирани.

На 30.03.2021 во 21.30 часот во Полициската станица Валандово било пријавено дека на регионален пат од село Пирава кон село Јосифово, валандовско, Г.Р.(37) од с.Јосифово, управувајќи возило „фолксваген голф", со валандовски регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото и излетал од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот С.К.(42) од с.Јосифово, констатирани во Јавна здравствена установа Гевгелија. Увид на местото извршиле полициски службеници од Полициската станица Валандово.

На 30.03.2021 околу 19.50 часот на ул.„АСНОМ" во Велес, мопед „кивеј" со велешки регистарски ознаки, управуван од Ѓ.С.(19) од Велес, удрил во малолетен пешак. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Велес. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Велес.

На 30.03.2021 во 13.30 часот во Полициската станица Драчево, Д.Б.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Коперникова" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 30.03.2021 во 14.50 часот било пријавено дека на регионалниот пат Маврови Анови-Дебар, кај место викано Под Бигорски манастир, патничко возило „опел астра", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од З.А.(62) од с.Велебрдо, излетало од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Ургентниот центар во Гостивар. Извршен бил увид на местото на незгодата од екипа на Полициската станица Гостивар.

На 30.03.2021 во Полициската канцеларија Пехчево било пријавено дека на место викано „Суви дол", атар на Пехчево, С.М.(62) од Делчево бил каснат од куче, сопственост на К.Г. од Пехчево. По комплетирање на случајот против К.Г. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.03.2021 Е.С.(23) од Охрид во полициска станица во Охрид пријави дека на ул. „Партизанска" во Охрид била касната од куче скитник.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК) при Бирото за јавна безбедност поднесе кривична пријава против Е.А.(36) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" по член 215 од Кривичниот законик. На 23.03.2021, врз основа на судска наредба, полициски службеници од ОСОСК и СВР Скопје извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле предмети поврзани со нелегална трговија со дрога. Претресот во домот на Е.А. е дел од дополнителните мерки преземени во врска со реализираниот случај од почетокот на март 2021, во кој беа запленети 390 кг. и 379 грама марихуана, а за кој веќе е поднесена кривична пријава против Д.Н.(47) од Скопје. На Е.А., од судија на претходна постапка, му е одредена мерка притвор.

На 30.03.2021 полициски службеници од ОВР Кочани, во содејство со шумска полиција, на влезот на с.Зрновци, кочанско, затекнале патничко возило „мерцедес", со кочански регистарски ознаки, управувано од О.З.(32) од с.Зрновци, кој превезувал нежигосани огревни дрва. Возилото и дрвата биле одземени од Шумската полиција. По комплетно документирање на случајот, против него ќе следи соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ј.Р.(22) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 06.02.2021 во с.Умин Дол, кумановско, полициски службеници извршиле преглед на возило кое го управувал пријавениот и негов личен преглед, при што кај него била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Џ.(45) од Косово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". На 31.01.2021, 40-годишна жителка од с.Бродец, тетовско, на социјалната мрежа „Фејсбук" забележала дека М.Џ. на нејзиниот профил ги злоупотребила нејзините лични податоци и напишала недолични и навредливи зборови за неа.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против И.С.(24) од Ресен и Б.С.(29) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 21.03.2021 во 01.40 часот во Ресен, пријавените биле затекнати од полициски службеници без дозвола за движење, со што постапиле спротивно на одлуката на Владата за забрана на движење на населението во период од 22.00 до 05.00 часот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Т.(31) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 22.03.2021 во 23.15 часот во Охрид, пријавениот М.Т. бил затекнат од полициски службеници без дозвола за движење, со што постапил спротивно на одлуката на Владата за забрана на движење на населението во период од 22.00 до 05.00 часот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против А.К.(44) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 20.03.2021 околу 22.30 часот во с.Сливница, пријавениот бил затекнат од полициски службеници без дозвола за движење, со што постапил спротивно на одлуката на Владата за забрана на движење на населението во период од 22.00 до 05.00 часот.

На 30.03.2021 околу 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред паркинг на фирма на подрачјето на Ѓорче Петров, В.К.(54) од Скопје физички го нападнал Г.А.(44) од с.Ново Село, скопско и се однесувал агресивно кон В.А.(55) од Скопје, кои биле вработени како обезбедување во објектот. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12, 4 и 6 од Законот з апрекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.М.(22) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски ситем". Тој, на 21.02.2021 по објавен текст на охридски електронски весник, од својот фејсбук профил напишал коментар со кој поттикнувал омраза и етничка нетрпеливост, расна дискриминација и омаловажување.

На 30.03.2021 околу 10.00 часот во СВР Скопје, А.Д.(57) од Скопје пријавил дека во трговски центар на подрачјето на Карпош бил каснат од куче, по што настанала физичка пресметка со сопственичката на кучето А.М.(25) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 30.03.2021 во 11.30 часот во СВР Струмица било пријавено дека во близина на хотел во Стар Дојран, при извршување на градежни работи, биле пронајдени две стари неексплодирани експлозивни направи – гранати кои датираат од Правта светска војна. За настанот бил известен пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување-Струмица, кој ги подигнал гранатите од местото за понатамошна постапка.

На 30.03.2021 во 20.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.А.(40) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечила неговата мајка Ѓ.А.(76) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет